**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

УП бр.10-81

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош (“Службен весник на Република Македонија” бр.145/2010), постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-81 од 14.10.2019 година поднесено од страна на Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за доделување на планирана државна помош на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, на седницата одржана на 16.10.2019 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

XXX пресметана камата на износот од 872.741.363 денари, од кои 829.207.946 денари како главен долг - данок на добивка за 2018 година и 43.533.417 пресметана камата од доспеаноста на главниот долг (15.04.2019 година), за периодот XXX за кој се планира одлагање на доспеаноста на неплатен долг за 2018 година на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје со седиште Ул.„ 515“ бр.8, 1000 Скопје према Управата за јавни приходи претставува индивидуална помош во смисла на член 4 став (1) точка 2, член 5 став (1) и член 5 став (2) алинеја 3 од Законот за контрола на државната помош како помош за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија, согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

**Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, до КЗК достави Известување за планирано доделување на помош бр.45-7232/2 од 10.10.2019 година (во понатамошен текст: Известување), со прилог копија од Информација за доделување државна помош, усвоена на Сто педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 24.09.2019 година; Тековна состојба за Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје; Елаборат за значењето на ТЕ-ТО АД Скопје за РСМ за економски, енергетски и еколошки аспект од 27.09.2019 година; План за реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје бр. 0302-685 од 06.06.2018 година; Решение на Основен суд Скопје 2-Скопје 3 СТ-124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година; Решение на Апелациониот Суд Скопје ТСЖ бр. 1548/18 од 30.08.2018 година и Лиценца за вршење енергетска дејност производство на електрична и топлинска енергија во постројки за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија УП1 бр. 07-42/12 од 20.02.2012 година.

Со оглед на фактот дека поднесеното Известување ги содржи потребните податоци потребни за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош ( „Службен весник на Република Македонија “ бр. 145/2010), како ден на прием на уредно известување се смета 14.10.2019 година.

КЗК во законски предвидениот рок го испита доставеното Известување и прилог копиите кон него и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Владата на Република Северна Македонија
- **Корисник на државната помош е:** Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје со седиште Ул.„515“ бр.8, 1000 Скопје
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува Заклучокот од сто педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24.09.2019 година

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Оттука, при испитување на доставеното известување, КЗК го анализираше доделувањето на износот XXX што претставува пресметана камата на износот од 829.207.946 денари како главен долг - данок на добивка за 2018 година со кој се планира одлагање на доспеаноста на неплатен долг за данок на добивка за 2018 година и пресметана камата на износот од 43.533.417 денари на име пресметана камата сметана од доспеаноста на главниот долг (15.04.2019 година) од аспект на тоа дали истиот ги исполнува горенаведените четири кумулативни критериуми, при што КЗК утврди дека истиот **претставува државна помош** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истиот ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата наменети за исплата на пресметаната камата на главниот долг-данокот на добивка за 2018 година кој ТЕ-ТО АД Скопје го има према Управата за јавни приходи се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија;
- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие –ТЕ-ТО АД Скопје поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – ТЕ-ТО АД Скопје, се ставаат во понезавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – производство на електрична и топлинска енергија. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – ТЕ-ТО АД Скопје, му овозможува доделување на државна помош поврзана со исплата на камата на главниот долг-данокот на добивка за 2018 година кој ТЕ-ТО АД Скопје го има према Управата за јавни приходи а која камата во нормални пазарни услови претпријатието –ТЕ-ТО АД Скопје би ја исплатил од сопствени ресурси за покривање на трошоците. На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието –ТЕ-ТО АД Скопје се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин;
- Мерката економска поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие –ТЕ-ТО АД Скопје која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие - ТЕ-ТО АД Скопје.

КЗК, освен што утврди дека доделувањето на износот XXX доделен во облик на одлагање на доспеаноста на долгот кој ТЕ-ТО АД Скопје го има према Управата за јавни приходи и давачки по основ на јавни давачки претставува државна помош, исто така утврди дека ваквата поддршка **претставува помош наменета за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија** согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка е **индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи доделувањето на износот XXX што претставува пресметана камата на износот од 829.207.946 денари како главен долг- данок на добивка за 2018 година со кој се планира одлагање на доспеаноста на неплатен долг за данок на добивка за 2018 година година и пресметана камата на износот од 43.533.417 денари на име пресметана камата сметана од доспеаноста на главниот долг (15.04.2019 година) е државна помош која не е доделена врз основа на шема на помош.

Имено, при испитување на доставеното Известување, КЗК утврди дека вкупниот износ на помошта XXX што претставува пресметана камата на износот од 872.741.363 денари, XXX.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Законот за контрола на државната помош.

Согласно Информацијата за доделување државна помош на ТЕ-ТО АД Скопје доставена од страна на Владата на Република Северна Македонија, се вели дека до Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија ТЕ-ТО АД Скопје доставил Предлог за доделување на државна помош. Во Предлогот за доделување на државна помош се наведува дека ТЕ-ТО АД Скопје е голема странска инвестиција во Република Северна Македонија со големи инвестиции во изградба на гасна електрана за производство на електрична и топлинска енергија, која во изминатиов период, до 2018 година, било од значително значење за зголемување на приходите во буџетот на државата по основ на уплатите за даноци и други давачки.

Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Исто така, во Информацијата за доделување државна помош на ТЕ-ТО АД Скопје доставена од страна на Владата на Република Северна Македонија е наведено дека во 2018 година ТЕ-ТО АД Скопје запаѓа во тешка финансиска состојба која резултира со отварањето на стечајната постапка, запрена со Решение на Основниот суд Скопје 2-Скопје, 3 СТ-124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година. Согласно цитираното Решение, предлогот за отварање на стечајна постапка со план за реорганизација поднесен од должникот е усвоен, се отвара стечајна постапка над должникот ТЕ-ТО АД Скопје, се констатира дека предложениот План за реорганизација е прифатен, истиот се одобрува, неговиот содржински дел добива својство на извршна исправа, а отворената стечајна постапка се запира.

Во Информацијата за доделување државна помош на ТЕ-ТО АД Скопје доставена од страна на Владата на Република Северна Македонија е наведено дека отпишаните обврски во износ од 154.464.932 ЕУР, согласно даночните прописи, имаат третман на приход и како последица на тоа влегуваат во даночната основа за данок на добивка, кој изнесува 15.146.493 ЕУР за 2018 година, со обврска за плаќање до 15 март 2019 година.Со оглед на фактот дека ТЕ-ТО АД Скопје, немал можност да ја исполни оваа своја обврска поради финансиските потешкотии во кои се наоѓа компанијата, предлага Владата на Република Северна Македонија да донесе одлука со која ќе му додели државна помош на ТЕ-ТО АД Скопје согласно Законот за контрола на државната помош („Сл. весник на РМ“ бр.145/2010) и тоа во облик на одлагање на доспеаноста на долгот спрема Управата за јавни приходи и давачки по основ на јавни давачки. Доспеаноста на наведениот долг на ТЕ-ТО АД Скопје према Управата за јавни приходи се одлага за период од 9 години сметано од денот на стапување на сила на Одлуката на Владата за склучување на договор за доделување на државна помош и потпишувањето на Договорот со ТЕ-ТО АД Скопје за доделувањето на државната помош.

Според наводите на ТЕ-ТО АД Скопје, овој предлог се дава со цел Друштвото да може да го реализира својот деловен потфат и опстане и во иднина, бидејќи во случај да не ја добие бараната државна помош, нема да може да продолжи да егзистира, ќе оди во реален стечај, што би било загуба и за македонското стопанство. Воедно, согласно Информацијата за доделување државна помош на ТЕ-ТО АД Скопје доставена од страна на Владата на Република Северна Македонија, ТЕ-ТО АД Скопје е голема странска инвестицијата во Република Северна Македонија која до 2018 година беше од значително значење за зголемување на приходите во буџетот на државата по основ на уплатите за даноци и други давачки.

Согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош, доделувањето на државната помош може да се дозволи ако се работи за помош за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија.

Со оглед на ова, Владата на Република Северна Македонија го задолжи ТЕ-ТО АД Скопје да достави елаборат во кој ќе бидат опфатени прашања во врска со учеството на ТЕ-ТО АД Скопје во севкупното производство на енергија во државата, еколошки аспекти од работењето на ТЕ-ТО АД Скопје како и економскиот бенефит за државата од работењето на ТЕ-ТО АД Скопје.

Согласно Елаборатот, со својата вкупна инсталирана моќ од 220 MW електрична и 160 MW топлинска моќ, ТЕ-ТО АД Скопје учествува со 11% во вкупната инсталирана електрична и 25% во вкупната инсталирана топлинска моќност на Република Северна Македонија. ТЕ-ТО АД Скопје претставува стратешки објект за државата и значаен чинител во стабилноста на енергетскиот систем на Република Северна Македонија. ТЕ-ТО АД Скопје придонесува кон зголемување на стабилноста и сигурноста на електроенергетскиот систем во државата затоа што има голем инсталиран капацитет кој во исто време е и многу флексибилен од аспект на исклучително кратко време на старт на постројката и способноста брзо да ја менува моќноста. Сето ова исклучително многу му помага на систем операторот МЕПСО во регулирање на електроенергетскиот систем и значително намалување на загубите во истиот. Со оглед на тоа дека топлината која што е произведена од ТЕ-ТО АД Скопје е резултат од комбиниран циклус, производната цена на топлинската енергија од ТЕ-ТО АД Скопје е пониска во однос на онаа кај конвенционалните топлани за производство на топлинска енергија. Ова директно влијае на намалување на трошокот за греење кај крајните корисници. Дополнително, заради доминантно учество на ТЕ-ТО АД Скопје во плаќањето на трошоците за пренос на природен гас во Република Северна Македонија, производителите на топлинска енергија плаќаат двојно пониска тарифа за пренос на природен гас, со што цените за топлинска енергија за крајните корисници се намалени во опсег 5%-10%.

Како компанија и енергетски комплекс, ТЕ-ТО АД Скопје е од огромно значење за стопанството на Република Северна Македонија. Работата на ТЕ-ТО АД Скопје придонесува кон чисто производство на енергија и замена на јагленот како гориво. Поради комбинираниот циклус на производство на енергија се овозможува зголемена ефикасност на трансформација на енергијата, зголемување на енергетската стабилноста на државата, директно намалување на тарифите за пренос на природен гас, а со тоа и економски придобивки за сите учесници на пазарот за пренос на природен гас.

Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Исто така, во Елаборатот е наведено дека уште во самата проектна документација, постројката ТЕ-ТО АД Скопје ја има инкорпорирано грижата за животната средина, со имплементирање на најдобрите достапни техники за ефикасно искористување на енергијата од горивото, и гарантирање на ниски емисии. ТЕ-ТО АД Скопје е една од првите компании во земјата која се стекна со А-интегрирана еколошка дозвола, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање во 2011 година. Инсталацијата ТЕ-ТО АД Скопје е една од неколкуте компании во земјата која има систем за континуирано следење на емисиите на загадувачки материи во воздухот, кој ги следи и забележува емисиите на азотни оксиди и јаглерод моноксид континуирано, во тек на 24 часа. Во согласност со годишните извештаи од работењето на термоелектрана-топлана ТЕ-ТО АД Скопје за 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година, може да се констатира дека концентрациите на загадувачките параметри во воздухот се далеку под граничните вредности, дефинирани во Дозволата.

ТЕ-ТО АД Скопје е и најголем потрошувач на природен гас во Република Северна Македонија, со над 70% учество во вкупниот биланс на потрошувачка на природен гас во земјава, со што Инсталацијата прераснува во главен двигател на гасификацијата, што е стратешка заложба на државата за подобрување на енергетскиот систем и намалување на аерозагадувањето. Во таа насока, ТЕ-ТО АД Скопје се потврдува како правилен избор и клучен фактор во националните заложби за енергетски-ефикасно, безбедно, доверливо и еколошко производство на електрична енергија и топлина.

Согласно Елаборатот, со своето работење ТЕ-ТО АД Скопје носи голем бенефит за државата во поглед на приходите кои државата ги добива од ТЕ-ТО АД Скопје. Имено, годишниот приход на ТЕ-ТО АД Скопје за 2018 година изнесува околу 57 милиони евра, додека за 2019 година се очекува приход од  околу 68 милиони евра. Годишниот расход на ТЕ-ТО АД Скопје за 2018 година изнесува околу 54 милиони евра, додека за 2019 година се очекуваат расходи од околу 57 милиони евра. ТЕ-ТО АД Скопје вработува околу 50 технолошки високо обучени, добро платени вработени во најмодерната постројка од областа на енергетиката во државата. Од овие расходи, во последните две години, односно од 01.01.2018 година заклучно со 25.09.2019 година, ТЕ-ТО АД Скопје има платено на државата само за даноци и придонеси вкупен износ од 394.944.805 денари (6.4 милиони евра) .Од овој износ, само за придонеси од плата и персонален данок платен е износ од 43.034.754 денари (700 илјади евра). Понатаму, во расходите за царина за увоз на природен гас влегува износ од 73.418.391 денари (1.2 милиони евра), за данок на добивка влегува износ од 64.478.165 денари (1,05 милиони евра), а за данок на имот износ од 669.096 денари (10,9 илјади евра). Во

Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Елаборатот е наведено дека до крајот на оваа година, овие износи ќе бидат уште поголеми.

Доколку ТЕ-ТО АД Скопје оди во стечај, со престанување на деловниот потфат, ќе се изгуби основот за плаќање на данокот на добивка кон Управата за јавни приходи настанат како резултат на отписи на обврски согласно планот за реорганизација. Дополнително, компанијата ќе престане да ги плаќа даноците и ДДВ што ги уплаќа редовно од својата оперативна дејност. Само за ДДВ во последните две години ТЕ-ТО АД Скопје има платено износ од 213.344.399 денари (3,5 милиони евра). Исто така, околу 50 високо обучени вработени, за кои што постои голем интерес за преземање од странски компании надвор од државата, ќе останат без работа. Домашните компании ангажирани од ТЕ-ТО АД Скопје за одржување на постројката и други услови, ќе останат без ангажман. На крајот ќе бидат оштетени и акционерите, кои ќе ја изгубат единствената можност во долгорочна перспектива да си ја повратат инвестицијата.

Покрај негативните финансиски импликации државата ќе изгуби значаен енергетски објект кој значајно ја зголемува стабилноста и безбедноста на електро-енергетскиот систем. Во ситуации на вонредни состојби на електро-енергетскиот систем благодарејќи на ТЕ-ТО АД Скопје избегнати се нарушување на системот и рестрикции во испораката на енергија до крајните корисници.

Заради горенаведеното, КЗК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**